Економски совет
Општина Штип
Број 09 -сл
12.01.2016 година
Ш т и п

# З А П И С Н И К

Од **деветтата седница** на Економскиот совет на Општина Штип, одржана на ден **12 јануари 2016 година**, со почеток во **12.00 часот**.

На седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Штип, Прим. м-р Илчо Захариев - претседател на Економскиот совет, членовите на Економскиот совет, раководителот на одделение за поддршка на градоначалникот на Општината Штип, Снежана Санева, советник на градоначалникот Нада Наџинска и записничар Маријана Трајкова и претставник од одделението за локален економски развој, Марина Митревска.

Со седницата раководеше градоначалникот Прим. м-р Илчо Захариев, претседател на Економскиот совет на Општина Штип.

Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип на дневен ред ги предложи следниве точки:

1. Разгледување на Програмата за Локален економски развој на Општина Штип за 2016 г.;
2. Консултации со членовите на Економскиот совет за реконструкција на Трговски центар во Штип;
3. Разно;

Членовите на Економскиот совет едногласно **(8-за)** го усвоија следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Разгледување на Програмата за Локален економски развој на Општина Штип за 2016 г.;
2. Консултации со членовите на Економскиот совет за реконструкција на Трговски центар во Штип;;
3. Разно;

**Точка 1 од дневниот ред –** Разгледување на Програмата за Локален еконимски развој на Општина Штип за 2016 г.

Воведно образложение по точка 1 од дневниот ред даде претставникот од одделението за локален економски развој, Марина Митревска. Ја презентирање Програмата на одделението за ЛЕР на

Општина Штип за 2016г.Ги истакна областите на кои ќе работи одделението за ЛЕР а тоа се: економија, земјоделие, инфраструктура, туризам, млади и тековни активности. Во врска со областите по структура се презентираа и проекти кои би биле приоритет на Општина Штип за 2016г. Од страна на членовите на Економскиот совет најголем интерес се покажа за проектите од областа на инфраструктурата и туризмот.

**Точка 2 од дневниот ред –** Консултации со членовите на Економскиот совет за реконструкција на Трговски центар во Штип;;

Воведно образложение по ова точка даде советникот на градоначалникот Нада Наџинска која ја истакна потребата од реконструкција на стариот и дотраен објект на Трговскиот центар во градот Штип. Иако истиот моментално го користат повеќе трговци сепак условите за работа се лоши и не се прилагодени за самата дејност на објектот. Поради тоа, а и поради потребата од подобрување на ликот на градот Штип, односно на централното градско подрачје се пристапи кон разгледување на оваа можност за реконструкција на овој објект и негова санација, со што би се добил не само нов лик туку и подобар функционален објект.

Иницијативата беше поддржана од страна на членовите на Економскиот совет.

**Точка 3 од дневниот ред –** Разно;

Под точка разно се отвара дискусија за наредни теми кои би се дискутирале на наредната седница на Економскиот совет.

Седницата заврши во 13.40 часот.

Економски совет на Општина Штип
Претседател
Градоначалник на Општина Штип
Прим.м-р Илчо Захариев

Записничар
Маријана Трајкова